0201-385; 19.11.2021

NLB Banka

## Собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје

## Предлог-одлука за распределба на дивиденда и утврдување дивиденден календар на НЛБ Банка АД Скопје

Врз основа на член 39, став 1, точка 5 од Статутот на НЛБ Банка АД Скопје, Собранието на НЛБ Банка АД Скопје на својата седница одржана на ден 19.11.2021 година ја донесе следната

## Одлука за утврдување висина на дивиденда и утврдување дивиденден календар на НЛБ Банка АД Скопје Скопје

1. Согласно Одлука за употреба и распоредување на остварената добивка по годишна сметка на НЛБ Банка АД Скопје за 2019 година и 2020 година, се исплатува дивиденда во бруто-износ од 1.526.207.007,00 МКД
   1.1. 503.895.990,00 МКД од акумулирана добивка во 2019 година.
   1.2. 1.022.311.017,00 МКД од акумулирана добивка во 2020 година.
2. Износот на бруто-дивидендата по акција изнесува 1.787,00 МКД.
3. Последен датум на тргување со право на дивиденда е 1.12.2021 година. Прв датум на тргување без право на дивиденда е 2.12.2021 година. Датумот на евиденција според кој се определува списокот на акционери што имаат право на делот од добивката наменет за дивиденда е 3.12.2021 година, потврдено со Изводот на акционерската книга на ЦДХВ.
4. Исплатата на дивиденда ќе почне на 30-от ден од одржувањето на Собранието на НЛБ Банка АД Скопје.
5. Акционерите што имаат право на дивиденда ќе бидат известени за оваа одлука со соопштение во еден од дневните весници што излегуваат на територијата на Република Северна Македонија.
6. Одлуката стапува во сила на денот на донесување.

Скопје, 19.11.2021

НЛБ Банка АД Скопје NLB

Претседавач на
Собранието на акционери
НЛБ Банка АД Скопје